Врз основа на член 10 став 2 од Законот за социјална заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр. 79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13 и 79/13), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 5.11.2013 година, донесе

# ПРОГРАМА
## за субвенционирање за вработување на невработени лица, корисници на социјална парична помош

### I. Вовед

Со оваа програма се утврдува начинот на обезбедување на средства за субвенционирање за вработување на невработени лица, корисници на социјална парична помош како активни баратели на работа во Агенцијата за вработување на Република Македонија (во натамошниот текст: Агенцијата).

### II. Корисници на субвенцијата

Корисници на оваа програма се членови на домаќинства – корисници на социјална парична помош, регистрирани како невработени лица, активни баратели на работа во Агенцијата и работодавачи кои вработиле и склучиле договор за вработување за најмалку 12 месеци со членови на домаќинства – корисници на социјална парична помош, регистрирани како невработени лица, активни баратели на работа во Агенцијата (во натамошниот текст: корисникот).

Субвенција согласно оваа програма се користи по поднесено барање од работодавач до Агенцијата, по претходно објавен јавен оглас.

Приоритет ќе се даде на младите лица, корисници на социјална парична помош на возраст од 16 до 29 години, кои се регистрирани како активни баратели на работа во Агенцијата.

Агенцијата, центарот за социјална работа, работодавачот и невработеното лице – корисник на социјална парична помош склучуваат четири – партитен договор за користење на субвенцијата за вработување на невработени лица, корисници на социјална парична помош.

## III. Извори на средства

Средствата за исплата на субвенционирање за вработување на невработени лица, корисници на социјална парична помош согласно оваа програма се обезбедени преку Договорот за заем со Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка за реализирање на Проектот за условени парични надоместоци во износ од 19.300.000,00 евра.

Потребните средства за реализирање на оваа програма за 2014 година изнесуваат 12.750.000,00 денари за обезбедување на вработување на 125 лица.

Исплатата на средствата за оваа програма ќе се врши согласно Оперативниот прирачник за Програмата за условени парични надоместоци за субвенционирано вработување.

## IV. Висина на субвенција

Вкупниот износ на субвенцијата е 17.000,00 денари месечно по вработено лице за период од шест месеци, од кои 14.000,00 денари за исплата на бруто месечна плата по вработено лице и 3.000,00 денари месечно на работодавачот за покривање на трошоците за обука и материјали, за период од шест месеци.

По истекот на шесте месеци на субвенцијата, работодавачот го задржува работникот најмалку дополнителни шест месеци (вкупно 12 месеци).

Средствата за субвенционирање за вработување на невработени лица – корисници на социјална парична помош ќе се вратат ако се раскине договорот за вработување поради непочитување на одредбите од договорот за вработување, не се почитува договорот за субвенционирање или доколку Агенцијата констатира дека податоците за користење на субвенцијата се невистинити.

## V. Носители

Оваа програма ќе ја спроведат Министерството за труд и социјална политика, центрите за социјална работа, Агенција за вработување на Република Македонија и Министерството за финансии, согласно со Прирачник за администрирање на Програмата за субвенционирање за вработување на невработени лица, корисници на социјална парична помош, донесен од Министерството за труд и социјална политика.

## VI

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 ноември 2013 година до 31 декември 2014 година.

**Бр.41-8026/1**
**5 ноември 2013 година**
**Скопје**

ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

м-р Владимир Пешевски